

# ДЛУК 1985

ДРУШТВО
НА ЛИКОВНИТЕ
УМЕТНИЦИ
КУМАНОВО

# ДЕВЕТНЕСЕТА ТРАДИЦИОНАЛНА ИЗЛОЖБА

УМЕТНИЧКА
ГАЛЕРИЈА
КУМАНОВО

8 – 25 НОЕМВРИ

Деветнаест години по ред ДЛУК го збогатува Куманово со ликовно — естетско доживување преку кое неговите членови со своите творби ги пленува љубителите на оваа естекса категорија. Групата која порано делуваше во градот, веќе од 1958 год. се конституира во друштво на ликовни уметници. Со отворањето на галеријата во Куманово, ДЛУК ги започнува традиционалните годишни настапи се до денес.

Формирањето на ДЛУК е од голем значај поради тоа што тука се опфатени сите ликовни творци од градот независно од образованието.

Следејќи ги нивните изложби комплетно може да се следи творечкиот развој на неговите членови. XIX изложба на ДЛУК ги презентира едногодишните достигнувања на уметниците. Видливи се напорите на друштвото да ги отвори ширум вратите на сите ликовни творци од Македонија и Југославија кои сакаат како гости да ги изложат своите ликовни дела. Нивните творби гледајќи ретроспективно беа презентирани во целата земја и надвор од неа, а повеќето од членовите отвораа и самостојни изложби.

Секаја од сликите го носи белегот на својот творец препознатлив во изразот на чувствата што го носи во себе.

И со годинешнава изложба можеме да констатираме дека кај поедини творци е видливо творечко созревање кое се огледа во истражување на нови форми и рафинирање на постоечките со еден нов приод кон современото сликарство.

На годинашнава изложба со свои дела присатни се седумнаесет членови на ДЛУК и четворица гости.

Презентираните дела ни нудат повеќе стилски обележја чиј дијапазон се движи од наивното до апстракцијата.

Од сето ова посебно место завземаат делата на учесниците кои се и членови на ДЛУМ. Тука пред се треба да се нагласат творбите на Гарски, З. Јакимовски, Тошевски, Аврамовски и Величковски.

Кај Тане — Гарски се забележува творечко созревање кое доаѓа како резултат на повеќегодишните истражувања и се огледа во надминување на поранешниот психоделичен впечаток и органски пресек во кој вметнува нови форми (фигури и предмети) во еден урбан простор, кои ја оддаваат содржината на сликата и кои всушност се наратори на мотивот. Гарски не воведува во својот интимен свет, во кој споменатите елементи живеат во хармонија.

Тој се одликува со прецизен цртеж и изедначено и чисто исликување на површините. Во неговите платна се проткаени фолклорни елементи кои го враќаат гледачот во минатото.

З. Јакимовски иако графичар мошне успешно се опроба и во сликарството.

Тој негува една специфична форма во интерпретирање на мотивот кој е претставен обично со издолжени форми кои слободно се движат во просторот. Со ова тој постигнува една надреална атмосфера во која предметите добиваат двојно значење. Неговото сликарство има примеси на техницизам со карактеристично исцртување на бојата и позадината која делува смирено ја дополнува со интервентни потези од топли бои, снажно нанесени.

Презентираното дело на Т. Тошевски претставува една лирска игра со примеси на стилизација изразена преку фигуративните иреални зооморфни претстави кои се движат кон апстракцијата. Платното оддава еден немирен дух со снажен цртеж и смело нанесена боја.

Последните творби на В. Величковски очито го скицираат пејзажот со потези од прво повлекување, кои заедно со бојата оддаваат една леснина и уште повеќе една скицозност што ја прават сликата допадлива, инсистирајќи да биде секогаш нов во своето интерпретирање.

М. Аврамовски е во трагање на нови теми од што произлегуваат и насловите од последните платна „Раѓање на нови видови" во кои се присатни зооморфни форми претставени во надреалистичка атмосфера со префинети топли гами.

Забележливи се настапите и на Ј. Тодоровски и Б. Ткалчев — Валбо од кои првиот ни се претставува со женски портрет со присаство на сини тонови кои делуваат нежно врз смирената фигура водена кон една поедноставена стилизација.

Ткалчев ни се презентира како автор на цртежи кои со бројните детаљи во себе се доведени на ниво на студија. Цртежите се композициски распоредени со едно геометриско повторување.

На изложбата не заостануваат ни аматерите кои подолго време активно настапуваат на традиционалните изложби на ДЛУК (Д. Трендафиловски, С. Илиевски, И. Оцепек, Љ. Сарагинов, И. Струмениковски, Д. Димитриевски и Ј. Филиповиќ).

Изложените творби на Д. Трендафиловски се движат во рамките на наивното сликарство чиј поклоник е од самиот негов почеток.

Изложените дела на И. Оцепек даваат едно експресионистичко толкување на природата со надреална позадина, каде е видлива колористичката разиграност со немирен цртеж и снажен потез во нанесувањето на бојата.

Младиот Д. Димитриевски своите цртежи ги презентира во еден динамизам на фигурите со својствена експресионистичка интерпретација.

И. Струмениковски ни се претставува со колористичка експресија искажана преку женската фигура.

Изложбата на ДЛУК за љубителите на уметноста претставува значајно ликовно доживување кое навистина треба да се доживее.

Николовски Звонимир

АВРАМОВСКИ МОМЧИЛО, сликар
Роден 1935 год. во Куманово. Училиште за применета уметност и Педагошка академија завршил во Скопје.
Член на ДЛУК и ДЛУМ.
— РАЃАЊЕ НА НОВ ВИД I масло на платно
— РАЃАЊЕ НА НОВ ВИД II масло на платно
— РАЃАЊЕ НА НОВ ВИД III масло на платно
адреса: „Народна Револуција" 30/III Куманово





АТАНАСОВСКИ ТАНЕ — ГАРСКИ, сликар
Роден 1938 год. во с. Гари, Дебарско.
Завршил Филозофски факултет група Историја на Уметност со археологија во Скопје. Член на ДЛУК и ДЛУМ.
— ВО ЗНАК НА СРЕЌАТА, масло на платно
— МЕДИТИРАЊЕ, масло на платно
адреса: „Киро Антевски" 8 Куманово



ВЕЛИЧКОВСКИ ВЛАДИМИР сликар — скулптор
Роден 1937 во Куманово. Завршил школа за применета уметност во Скопје. Член на ДЛУК и ДЛУМ.
— АВТОПОРТРЕТ масло на платно
— ЦРН ГАВРАН масло на платно
— ПАД масло на платно
адреса: „Tоде Думба" бр. 31 Куманово



ДИМИТРИЕВСКИ ДРАГИША — ШИПЕ, сликар аматер
Роден 1956 год. во Куманово. Зарвшил Академија за драмска уметност во Скопје. Член на ДЛУК.
— БАЈКА I туш
— БАЈКА II туш
— БАЈКА III туш
адреса: „Титова Митровица" 65 — II/5 Куманово



ИЛИЕВСКИ СВЕТО, сликар аматер
Роден 1930 год. во Куманово. Педагошки работник. Член на ДЛУК.
— МОТИВ ОД КУМАНОВО (некогаш) I масло на платно
— МОТИВ ОД КУМАНОВО (некогаш) II масло на платно
— МОТИВ ОД КУМАНОВО (некогаш) III масло на платно
адреса: „Милан Зечар" 5, Куманово



ЗОРАН ЈАКИМОВСКИ сликар — графичар
Роден 1953 год. во Куманово. Академија за ликовна уметност и постипломски студии завршил во Белград. Член на ДЛУК и ДЛУМ.
— СЛИКА 225 масло на платно
— СЛИКА 226 масло на платно
— СЛИКА 233 масло на платно
адреса: ул. „Трст" бр. 4 Куманово



ОЦЕПЕК ИВАН, сликар самоук
Роден 1938 во Херцег Нови. Член на ДЛУК
— РОЈ I масло на платно
— РОЈ II масло на платно
— ПЕЈСАЖ I масло на платно
— ПЕЈСАЖ II масло на платно
адреса: „Драган Стопаревиќ" 10 Куманово



ПАНЕВСКИ ДРАГАН, сликар
Роден 1933 во Скопје, Завршил Школа за применета умет и Педагошка академија во Скопје. Член на ДЛУК.
— ПЕЈСАЖ масло на платно
адреса: „М. Пијаде" 30/12 Куманово




ЈОВИЦА ПОПОВСКИ Роден во Куманово 1948 год. Завршил училиште за применета уметност во Скопје. Член на ДЛУК
— ПЕЈСАЖ масло на платно
— СЛИКА масло на платно

Адреса: „Жикица Јовановиќ Шпанац" бр. 5/6 Куманово



САРАГИНОВ ЉУБЕ — ВАЊА сликар
Роден 1952 год. во Скопје. Вонреден студент на Филозовски група историја на уметност со археологија. Член на ДЛУК.
— ГАЛАКСИЈА масло на лесонит
— ФЛОРА И ФАУНА масло на лесонит
— СТВАРАЊЕ НА НОВ ЖИВОТ масло на лесонит

Адреса: „ПРОЛЕТ" зграда 14 III/40 Скопје

СТОЈКОВСКИ БУДИМИР — ЉУБЕ сликар аматер
Роден 1931 во Куманово. Член на ДЛУК.
— ПЕЈСАЖ масло на платно
— ПЕЈСАЖ II масло на платно
— ПЕЈСАЖ III масло на платно
адреса: „Тоде Думба" бр. 74/V — 11 Куманово





СТРУМЕНИКОВСКИ ИЛИЈА сликар аматер
Со сликарство се бави како аматер. Член на ДЛУК.
— Фигура, темпера
— ТРК темпера
— ГРУПА темпера
— ТЕГЛАЧИ темпера
адреса: „III МУБ" бр. 69 Куманово



ТОДОРОВСКИ ЈОВАН сликар
Роден 1951 год. Во Куманово. Завршил Школа за применета уметност и Педагошка академија во Скопје. Член на ДЛУК од 1979 год.
— ЖЕНСКИ ПОРТРЕТ масло на платно
— ДЕВОЈКА СО СТОЛ масло на платно
Адреса: „Перо Чичо" 46 Куманово



ТРЕНДАФИЛОВСКИ ДОБРЕ, сликар наивец
Роден во Куманово 1918 год. Член на ДЛУК и Друштво на самоуките уметници во Светозарево.
— МОТИВ ОД МОЕ СЕЛО масло на платно.
— СУША масло на платно
— ОВЧАРИ масло на платно
— МОКРИ БРАЌА масло на платно,
Адреса: „Фабрички станови",
Бедиње — Куманово



ТКАЛЧЕВ БОРИС — ВАЛБО сликар — дизајнер
Роден 1942 во Валандово.
— ЦРТЕЖ I молив
— ЦРТЕЖ II молив
— ЦРТЕЖ III молив
— ЦРТЕЖ IV молив
Адреса: „Христијан Карпош" V кула 24/7 Штип



ТОШЕВСКИ ТРАЈКО, сликар
Роден 1950 год. во Куманово. Завршил Академија за ликовна уметност во Љубљана член на ДЛУК и ДЛУМ.
— БЕЗ НАСЛОВ масло на платно
— БЕЗ НАСЛОВ II масло на платно
Адреса: „Иво Лола Рибар" бр. 27 Куманово

ФИЛИПОВИЌ ЈОВИЦА, сликар аматер
Роден 1952 год. во Лесковац. Член на ДЛУК.
— КОМПОЗИЦИЈА колаж
— РАЗДЕВИЧУВАЊЕ масло на платно.
Адреса: „Страшко Симов" бр. 18 Куманово



ГОСТИ НА ИЗЛОЖБА:

ЈАКИМОВСКИ ГОЦЕ
Роден во Куманово 1958 год. Завршил Филозофски факултет група историја на уметност со археологија во Скопје.
— МНОЖЕСТВО IV масло на платно
— МНОЖЕСТВО V масло на платно

КУКУЊАВСКИ БОРИС
Роден 1943 во Куманово. Завршил Педагошка академија во Скопје.
— „ДЕЈАН И АЛУСИЈАН" масло на платно
— „ВОЈТЕХ И САРОНИТ" масло на платно

ПЕТАР МАНЕВ
Инж. архитект од Куманово
— КОМПОЗИЦИЈА темпера

СИМОНОВСКИ ТОНИ
Инж. архитект од Куманово — Композиција туш

— ОРГАНИЗАЦИЈА НА КАТАЛОГ Д Л У К
— ПРЕДГОВОР ВО КАТАЛОГОТ Звонко Николовски
— ЛИКОВНО ОБЛИКУВАЊЕ Тане — Гарски и Зоран Јакимовски
— ФОТОГРАФИИ Миодраг Стојановски — Бато
— ПЕЧАТ „ГРАФОФЛЕКС" — Прешево
— Тираж 500 примероци.